РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина
Одделение за за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина
Бр.11-318/6
17.05.2023 година
Гевгелија

Врз основа на член 45 став 13 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20), и Извештајот од спроведената постапка за избор на изработувач на Урбанистички проекти за инфраструктура, Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

# ОДЛУКА
## за поништување на постапката за избор на изработувач на Урбанистички проекти за инфраструктура

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за избор на изработувач на Урбанистички проекти за инфраструктура - Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.6 атмосферска канализациона инфраструктура за ул. „Ѓоко Тутушев", општина Гевгелија, Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.6 атмосферска канализациона инфраструктура за ул.„Ванчо Прке" и дел од ул.„Петар Мусев" општина Гевгелија и Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.6 атмосферска канализациона инфраструктура за дел од ул.„Кукушка" општина Гевгелија, започната со Одлука бр.11-318/1 од 25.04.2023 година, поради тоа што јавниот повик **содржи битни пропусти или недостатоци односно критериумите за доделување на договорот не се во согласност со Законот за Урбанистичко планирање.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Одлука, бр.11-318/1 од 25.04.2023година, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб-страната на Општина Гевгелија објавен е јавен повик бр.02/2023 за избор на изработувач на Урбанистички проекти за инфраструктура - Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.6 атмосферска канализациона инфраструктура за ул. „Ѓоко Тутушев", општина Гевгелија, Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.6 атмосферска канализациона инфраструктура за ул.„Ванчо Прке" и дел од ул.„Петар Мусев" општина Гевгелија и Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.6 атмосферска канализациона инфраструктура за дел од ул.„Кукушка" општина Гевгелија.

До предвидениот рок за поднесување понуди 12.05.2023 година била поднесена 1 (една) понуда.

Комисијата ја отворила пристигнатите понуда од понудувачот Друштво за градежништво,трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД Јован Костадинов Радовиш и составила Записник од отворање на понудите бр.11-318/4 од 12.05.2023 година.

При евалуација на понудата, Комисијата утврдила дека е направен пропуст при подготовка и објавување на јавниот повик каде во точка 3. Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми е предвидено понудувачите да имаат во редовен работен однос на неопределено и полно работно време најмалку 2 (два) архитекти-урбанисти со важечко овластување, а согласно член 61, став (1) од Законот за Урбанистичко планирање, е предвидено дека: „Урбанистички проект можат да изработуваат правните лица со лиценца за изработување на урбанистички планови согласно членот 68 од овој закон и правни лица кои ги исполнуваат пропишаните услови за вршење на дејноста проектирање согласно со Законот за градење кои имаат во работен однос на неопределено и полно работно време најмалку еден архитект урбанист со соодветно овластување за изработка на урбанистички планови

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија / Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија – Република Северна Македонија
Тел. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(централа) ++389 34 216 899(Општински центар за услуги) ++389 34 211 211(Кабинет)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

согласно со овој закон" и предлага поништување на Јавниот повик согласно член 45 став (12) и став (13) од Законот за Урбанистичко планирање.

По разгледување на Извештајот од спроведената постапка, поради тоа што јавниот повик содржи битни пропусти или недостатоци односно критериумите за доделување на договорот не се во согласност со Законот за Урбанистичко планирање, прифаќајки го предлогот на Комисијата, врз основа на член член 45 став 13 од Законот за урбанистичко планирање одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***